# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1102-126/24 од 22.4.2015 година донесена на 116. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 21.4.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област ***казнено право*** на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **наслов.вон.проф. д-р Лазар Нанев,** насловен вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област казнено право (претседател);
– **доц. д-р Олга Кошевалиска,** доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, наставно-научна област казнено право (член);
– **вонр. проф. д-р Јован Ананиев,** вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област политички систем (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха“ на 14.3.2015 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Елена Максимова, докторанд на правни науки, катедра Казнено право и помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Катедра за казнено право.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Елена Максимова** е родена на 2 април 1987 година во Шибеник, Р. Хрватска. Основно образование со континуиран одличен успех завршува во ОУ „Тошо Арсов“ во Штип. Средно образование, исто така, со континуиран одличен успех завршува во гимназијата СОУ „Славчо Стојменски“ во Штип.

Во учебната 2005/2006 година се запишува на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломира во 2008 година со просечен успех од 9,46 и се стекнува со називот дипломиран правник (Bachelor of Law).

Во учебната 2008/2009 година се запишува на втор циклус студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира на 13 јануари 2011 година по одбранет магистерски труд со наслов *„Сузбивање на трговија со луѓе, со посебен осврт на трговија со малолетни лица“,* со просечен успех од 9,08 и се стекнува со назив магистер по правни науки (Master of Law). Ментор при изработката на магистерскиот труд е проф. д-р Никола Тупанчески.

Во учебната 2011/2012 година се запишува на тригодишни докторски студии на докторската школа при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, насока Казнено право, под менторство на проф. д-р Гордана Лажетиќ - Бужаровска. Сите испити ги положува во предвидениот рок и работи на пријава за докторска дисертација.

Од октомври 2009 година кандидатката започнува да волонтира на Универзитетот „Гоце Делчев“, од октомври до декември 2009 година помага во ИТ секторот во Ректоратот на УГД, а од декември 2009 година како демонстратор на Правниот факултет во Кочани помага во одвивање на образовниот процес на предметите: Историја на правото, Казнено-процесно право, Семејно право, Вовед во правото на ЕУ, Европско казнено право, Меѓунродно казнено процесно право и Правосуден систем на РМ, до јуни 2011 година.

Во летниот период на 2010 година (јуни – октомври) волонтира во Апелациониот суд во Штип и се стекнува со практични искуства, особено од казнено-правната материја (следи судења пред Основен суд во Штип, јавни расправи пред Апелационен суд во Штип, присуствува на реферирања на кривични совети на Апелационен суд – Штип, стекнува искуства во изготвување на акти). На Конкурсот распишан од Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор на помлад асистент од 4 април 2011 година добива позитивна рецензија за избор за соработник - помлад асистен за научното подрачје правни науки – научна област казнено право (Универзитетски билтен бр.66 од 15 септември 2011 година). Од 18 ноември 2011 год. до 20 декември 2012 год. е договорно ангажирана во Општина Штип, правник во Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи, под Агенција за привремено вработување - СПИД, Скопје. Од 21 декември 2012 год. е вработена како помлад асистент во кривично-правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Држи вежби и исполнува задачи во рамки на предметите на кои е назначена: Казнено право, Казнено процесно право, Пенологија, Криминологија, Меѓународно кривично процесно право, Семејно право, Човекови права и др.

***I Законски и подзаконски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звањето асистент-докторанд (чл. 125-а од ЗВО и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД)***

1. *Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје* – кандидатката м-р Елена Максимова има завршено додипломски и постдипломски студии (прв и втор циклус) на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.
2. *Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв и втор циклус студии, за секој циклус посебно:* кандидатката има просечен успех од 9.46 од додипломски студии и 9.08 од постдипломски студии.
3. *Познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно признаена потврда и тоа – TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, IELTS - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, TOLES - базично познавање (Foundation level), ILEC - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1)* – кандидатката има положено прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1) со освоени 94 поени.
4. *Покажува способност за наставно - научна дејност и педагошка работа* – кандидатката Елена Максимова има приложено три препораки од професори за соодветната научна област за која се врши изборот – проф. д-р Никола Тупанчески, вон.насл.проф.д-р Лазар Нанев и доц. д-р Олга Кошевалиска.
5. *Има објавено научни трудови/статии во домашни или меѓународни списанија* – кандидатката има објавено пет научни труда/ статии во домашни и меѓународни списанија.
6. *Мислење од последниот работодавец* – позитивно мислење од ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, проф. д-р Саша Митрев.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Максимова (Иванова) | ***International aspects of human trafficking – Especially trafficking with minors*** | European Scientific Journal, European Scientific Institute with support from „Egalite" – Society for equal opportunities | 4 (од 2011) |
| 2 | Елена Максимова (Иванова) | ***Comparative view of the problem with Human Trafficking in the Balkan Countries*** | Balkan Social Science Review, Faculty of Law | 2 (од 2013) |
| 3 | Елена Максимова (Иванова) | ***The Problem of Child Trafficking Enriched with Its Newest Purpose - Establishing Illegal Adoption*** | Balkan Social Science Review, Faculty of Law | 2 (од 2013) |
| 4 | Дејан Маролов и Елена Максимова (Иванова) | ***The relations between Macedonia and Kosovo*** | International Journal of Science | 7 |
| 5 | Елена Максимова (Иванова) и Нада Донева | ***СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА*** | Првата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" -Штип и е издаден во Зборникот на трудови | 1 (од 2014) |

***II Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Елена Максимова две учебни години по ред (2009/2010 и 2010/2011) била демонстратор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип при што била ангажирана на повеќе предмети како Казнено право, Казнено-процесно право, Меѓународно казнено-процесно право, Семејно право и др.

На Конкурсот распишан од Универзитетот „Гоце Делчев" за избор на помлад асистент од 4 април 2011 год. добива позитивна рецензија за избор за соработник - помлад асистент за научното подрачје правни науки – научна област казнено право (Универзитетски билтен бр.66 од 15 септември 2011 година).

Од 21 декември 2012 год. е вработена како помлад асистент во кривично-правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Избрана е за асистент на кривично-правната катедра и е ангажирана на спроведување на вежби за следниве предмети: Казнено процесно право (трета година VI семестар), Семејно право (втора година III семестар), Казнено право (втора година III година ), Криминологија (втора година IV семестар – изменето со новата програма), Човекови права (прва година I семестар), Пенологија (трета година V семестар), Меѓународно казнено процесно право (трета година VI семестар) Административно право и административна постапка (втора година IV семестар), Основи на граѓанско и стварно право (втора година III семестар).

***III Објавени научни и стручни трудови од последниот избор до денес*** *(кратка научна евалуација на секој труд поединечно, со посебен осврт на научните квалитети на истиот)*

**Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници**

1.***International aspects of human trafficking – Especially trafficking with minors*** – научен труд објавен во меѓунардното списание European Scientific Journal, издадено од European Scientific Institute со поддршка од „Egalite" – Society for equal opportunities; 2011, July; vol. 21, ISSN 1857- 7431, достапен на е-репозиториум на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=13021. Во трудот авторот го потенцира проблемот трговија со луѓе, акцентирајќи ја воедно и големината на проблемот тргување со малолетници. Се укажува на интернационалноста на криминалитетот и потребата од интернационално сузбивање и превенирање на истиот првенствено низ меѓународните документи. Авторот ги прикажува документите кои ја регулираат материјата и како помагаат во борбата со овој криминалитет. Во издигнувањето на проблемот на тргување со малолетници, за што во времето на издавање на трудот малку е говорено како посебен криминалитет, и негово сепарирање од трговијата со луѓе лежи првичниот научен квалитет. Издвојувањето и нагласувањето на меѓународните документи кои се во прилог на борбата со овој криминалитет, допринесува за зголемување на научниот квалитет.

2. ***Comparative view of the problem with Human Trafficking in the Balkan Countries*** – рецензиран научен труд издаден во списанието Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2013 July; vol.1, ISSN: 1857- 8772, депонирано во е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=6737 Трудот е надоврзување на полето на интерес на авторот, тргувањето со луѓе како модерен облик на ропство. Во овој труд се анализира појавата на трговијата со луѓе во земјите од Балканот, начинот на справување со криминалитетот од страна на државните институции и законската уреденост. Научниот квалитет е истакнат во констатирањето дека криминалитетот се развива меѓу соседни земји, а Балканот е особено интересно подрачје, атрактивно за сторителите на овие кривични дела, посебно во транзит, па на ваквиот карактер на криминалитетот мора да се одговори здружено од балканските држави.

3.***Посвојувањето на деца - помеѓу материјалното и емоциите,*** статија објавена во Мозаик, Гласник на Општина Штип бр.25, Штипски глас бр.33, год III, 1 јуни 2012, достапно на е-репозиториум на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=4705. Статијата дава кус преглед на законската и подзаконската регулатива во однос на институтот посвојување во Република Македонија и актуелните недостатоци на истите, недоследностите во спроведувањето и загубата која притоа ја трпат граѓаните. Авторот предочува сериозен проблем кој постои во државата, што е впрочем и научниот придонес од истото, кое особено е видливо преку промената на подзаконската регулатива од времето на издавање на статијата до сега. Тоа укажува на способноста за препознавање на реални проблеми на авторот во полето на интерес.

4. Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување**, д-р Дејан Маролов и м-р Елена Иванова, издадено во стручно списание Правник, Здружение на правници на Република Македонија, број 259, ноември 2013,** ISSN 1409 – 5238, стр. 51-56. Достапен на е-репозиториум *https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=4705*. Во коавторство со поранешен асистент на Семејно право, сега доцент д-р Дејан Маролов, авторите прават сплотување на две материи казнено право и семејно право. Со оглед на веќе проучувани подрачја – тргување со малолетни лица и посвојувањето како институт, преку трудот се врши алармирање на еден нов начин за вршење на тргувањето со малолетници, а тоа е незаконското посвојување. Научниот квалитет се огледа во потенцирање на дотогаш не доволно истражуваната тема трговија со малолетни лица гледана од аспект на еден сосема нов начин и можност за вршење на криминалитетот. Укажува на живоста на овој криминалитет и неговите сè понови облици

меѓу кои е токму посвојувањето и сите аномалии кои при засновање можат да резултираат со извршено кривично дело наместо засновање посвојување. Авторите преку трудот се втурнуваат во сосема ново подрачје за истражување.

***5. The Problem of Child Trafficking Enriched with Its Newest Purpose - Establishing Illegal Adoption –*** рецензиран научен труд издаден во Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2013; vol.2, ISSN: 1857- 8772, page 25 -47; Достапен на е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=8781. На тема која е веќе зачната со претходниот труд, авторот продолжува да истражува. Ја прикажува законската материја во Република Македонија, од Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за семејството, подзаконските акти во државата и најбитно праксата во државата, како и законодавството и праксата во околните држави каде што постои проблемот. Го потенцира и проблемот на сурогатството регулирано со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување и начините на манипулација кои би довеле до трговија со бебиња, компаративен осврт на материјата и особено е нагласен проблемот со „беби мафијата“ во соседна Србија. Истражувањата кои ги има направено авторката при престој во Р. Србија на материјата се пренесени во трудот.

***6. The relations between Macedonia and Kosovo*** – доцент д-р Дејан Маролов и м-р Елена Иванова, издадено во International Journal of Science: Basic and Applied Research, vol. 12 no. 1, ISSN: 2307 – 4531, page 259 – 264; Линк од е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=9165. Иако авторите потенцираат дека тешко може да се зборува за каков било однос меѓу Република Македонија и Косово, поради краткотрајноста на постоењето на Косово како независна држава, сепак авторите потенцираат дека ситуацијата во Косово влијае и зазема дел од македонската надворешна политика кој е вреден за проучување. Авторите го анализираат проблемот на Косово како дел од агендите на УСА, ЕУ, Русија, ООН и сл.

***7. Воведување на вкрстеното испрашување преку одредбите на новиот Закон за кривична постапка –*** научен труд издаден во Годишен зборник Правен факултет УГД, 3. ISSN 1857- 8713, стр. 95-116; Достапно во е-репозиториум на: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=10492. Авторот го базира трудот на круцијалната измена на кривичната постапка во Република Македонија и воведувањето на нов Закон за кривична постапка од 2010 година, преку кој се внесува и нова метода на испрашување – вкрстено испрашување. Во недостиг од пракса на овие простори во времето на пишувањето на трудот поради непримена на законот, авторот потенцира на опасностите кои може да ги донесе примената на оваа метода и битноста на добро нејзино владеење од страна на сите „актери“ во кривичната постапка. Дава осврт на успешноста на земјите кои ја применуваат и техники кои ги користат притоа, како и улогата што ќе ја имаат сите страни во кривичната постапка при користење на методот. Во период на недоволно познавање на оваа новина во кривичната постапка, трудот е особено битен за потенцирање и воведување во проблемот. Авторот го издига овој метод на испрашување на ниво на „уметност“.

***8. Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него,*** доцент д-р Олга Кошевалиска и м-р Елена Иванова. Труд презентиран на Втора меѓународна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, Универзитет „Евро Балкан“ - Скопје, издаден во Зборникот на трудови, Скопје: 2014, ISBN 978-608-4714-11-8; достапен на е-репозиториум на http://eprints.ugd.edu.mk/11705/. Авторите нѐ воведуваат во Шенгенскиот информативен систем, како еден од двата оперативни системи на Шенген зоната, објаснувајќи ја целта на истиот особено во однос на договорните страни. Трудот ги прикажува предностите и слабостите на системот и укажува на сериозното ограничување на правото на заштита на лични податоци при нивна обработка во овој систем.

***9. Современи истражни методи на државите-членки на ЕУ со осврт на нивната имплементација во македонската легислатива –*** Елена Иванова, Нада Донева, трудот е презентиран на *Првата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „ГоцеДелчев“ - Штип* и е издаден во

Зборникот на трудови, *2014,* ISBN 978-608-244-129-0, достапен на е-репозиториум на линкот: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=13020. Во насока на збогатување на домашната кривична постапка, авторите следејќи го трендот на зајакнување на посебните истражни мерки вршат анализа на четири од нив кои имаат најсилна импликација врз домашното законодавство и пракса. Ги објаснуваат теоретски, практично и од аспект на меѓународни акти и домашни регулативи видеоконференцијата, заедничките истражни тимови, контролираната испорака и прекугранично набљудување. Поблиско и подетално познавање на меѓународната правна помош и посебните истражни мерки кои ги „наметнуваат“ Европската унија и меѓународната заедница се особено битни за држава која претендира да стане членка на ЕУ, во што се согледа и научниот придонес на трудот.

***10. Зајакнување на акузаторните елементи преку новиот концепт на главната расправа во кривичната постапка на РМ*** - доцент д-р Олга Кошевалиска и м-р Елена Иванова, научен рецензиран труд издаден во Годишен зборник на Правен факултет УГД, 3. Штип: 2015; ISSN 1857- 7229; депониран во е- репозиториум и достапен на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=13018. Авторите ја презентираат измената на главната расправа на кривичната постапка во државава согласно со новиот Закон за кривична постапка, а со тоа и изменетите базични вредности на истата. Ги презентираат променетите и зајакнати акузаторни елементи: усност, непосредност, јавност, директност, како и новиот метод на испрашување – вкрстеното испрашување. За познавање на постапката најосновно е запознавање со вредностите и основните начела на истата. Авторите ни го укажуваат базичното за новата кривична постапка елаборирајќи ги зајакнатите елементи и новововедените. Со тоа констатираат дека постапката се доближува многу повеќе до акузаторен тип на постапка отколку на досега мешовитиот тип.

***Прикази на книги***

***11. CIVIC AND UNCIVIC VALUES IN MACEDONIA: VALUE TRANSFORMATION, EDUCATION AND MEDIA (R E V I E W)*** - Приказ на книга издаден во Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2013; vol.2, ISSN: 1857- 8772, page 291 – 294; Книгата содржи 16 поглавја презентирани на „Peace Research Institute“ во Осло за време на дводневна конференција. Се работи за петто издание во серија изданија за поранешните југословенски држави. Проектот е поддржан од Норвешкото министерство за надворешни работи и Norwegian University of science and tehnology (NTNU).

***IV Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**Учество на школи, научни конференции, стручни расправи, симпозиуми, собири, промоции и трибини:**

Во 2004 година учествува на едукативното училиште за ХИВ/СИДА/СПИ ПРЕВЕНЦИЈА во Охрид.

Во март 2010 година присуствува на Националната научна конференција „Одговорност и претставување - отворени или затворени кандидатски листи?“, во организација на Националниот демократски институт, одржана во Александар Палас во Скопје.

Во 2010 година успешно ја посетува и завршува обуката за Windows 7 – Configuring во Институтот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев», Штип.

На 5 мај 2010 година присуствува на предавањето на тема „Директно и вкрстено испрашување во кривичната постапка во САД“, одржано од страна на госпоѓа Џими Ворен, резидентен правен советник од Министерството за правда на САД, во организација на Амбасадата на САД во РМ и Правниот факултет при Универзитеот „Гоце Делчев“ – Штип.

Од 27 јуни – 1 јули 2011 година примана и учествува во „Summer Course of European Criminal Justice“ одржан во Триер, Германија, организиран од ERA – Academy of European Law (добива стипендија - Peter Caesar Scholarship).

На 6 февруари 2012 година учествува на „One day IELTS exam workshop“-Academic module, организирана од British Council.

Од 10 до 28 септември 2012 година – примана и учествува во „Summer School – Social Dimension of Human Trafficking in the Western Balkan“, организирана од GIZ и DAAD во Белград, Србија.

Од 20 до 22 јануари 2014 година – посетува Обука за обучувачи - Основни судски вештини, во Скопје организирана од Американска адвокатска комора, Иницијатива за владеење на правото (ABA ROLI), се здобива со сертификат.

Во мај 2014 врши промоција на Правен факултет при УГД на матурантите од средно гимназиско училиште СОУ „Славчо Стојменски“ – Штип.

Од 11 до 13 септември 2014 година – учество на Првата меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ организирана од Центарот за правни и политички студии при Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со труд во коавторство со м-р Нада Донева под наслов „Современи истражни методи на државите-членки на ЕУ со осврт на нивната имплементација во македонската легислатива“ се здобива со сертификат.

Во учебната 2013/2014 година е основач на Клуб на оратори „Rostra vetera“ при Правен факултет на УГД.

На 22 октомври 2014 година – држење на обука за судско говорништво, нови методи на испрашување во кривична постапка, во склоп со серијата обуки на Клуб на оратори „Rostra vetera“ при Правен факултет на УГД во соработка со Меѓународната дебатерска организација IDEA се здобива со сертификат.

На 30-31 октомври 2014 година - учество на Втората меѓународна конференција под наслов „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, организирана од Институт „Евро Балкан“ со труд под наслов „Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него“ во коавторство со Олга Кошевалиска.

***Јавни настапи на трибини, панел дискусии, дебати и тркалезни маси:***

На 14 мај 2012 година – присуство на панел дискусија тема „Социјална кохезија – политиките на ЕУ и локалните услови“, одржана во присуство на амбасадорот на ЕУ во Македонија Аиво Орав и градоначалник на Општина Штип д-р Зоран Алексов.

Во 2012 година – учество на тркалезна маса одржана во Основен Суд - Штип по повод донесување на Закон за пробација.

На 10 април 2014 година - затворање и доделување награди и сертификати на Ораторските вечери на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во 2014 година – учество во јавна дебата по повод Уставни амандмани одржана во Правен факултет при УГД, Штип.

***Универзитетски обуки:***

2014 – Предава на еднодневната обука за судско говорништво на тема *Вкрстено испрашување*; Клуб на оратори „Rostra Vetera“ и IDEA (International Debate Education Association); Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Кампус IV – Штип.

2013 и 2014 – Посетува обука за спроведување уписи на нови студенти – УГД, Штип.

***V. Други достигнувања***

**Странски јазици**: група *јужнословенски јазици* (српски, хрватски и бугарски јазик); *англиски јазик* (активно): *шпански* (пасивно); *италијански* (елементарно);

**Компјутерски вештини**: работа со *Microsoft Office* (MS Word, Power Point, Excel); .

**Останати компетенции**: *Возачка дозвола* – Б категорија (од 2009 година); тимска работа, желба за учење, флексибилност, етичност итн.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање и можност за непосредна повеќегодишна соработка, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Елена Максимова од вработувањето на Правниот факултет при УГД до денес е успешно вклучена во наставно-образовната и научноистражувачката дејност на институцијата.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование (2008) и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр. 31/2014), бидејќи конкретната кандидатка беспрекорно ги исполнува сите таксативно наведени критериуми за избор во повисокото звање – со искрено и особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД кандидатката **м-р Елена Максимова** да биде избрана во звањето ***асистент-докторанд*** за научната област *казнено право*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Насл. вон. проф. д-р Лазар Нанев, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Олга Кошевалиска, член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **10** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **2** | Прегледен труд | 6 (реден бр. 2, 5, 7 , 9, 10 и 11) | 5 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 (реден бр. 4) | 2 | 2 | 6 (реден бр. 1 и 6) | **14** |
| **2** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 (реден бр.8) | 2 | | | **2** |
| **3** | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| **4** | Член на инстутутски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| **5** | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **68** |